РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ СКОПЈЕ
Бр. 01-536/1
06-02 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018), и член 28 став (2) точка 5 од Законот културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013,44/2014, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/2018), директорот на Националната установа Македонска опера и балет, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Македонска опера и балет

### Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Македонска опера и балет бр. 01-1284/1 од 31.03.2016, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Македонска опера и балет бр. 01-4099/1 од 07.10.2016 година, Правилникот за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Македонска опера и балет бр. 01-887/1 од 02.03.2018 година и Правилникот за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Македонска опера и балет бр. 01-4357/3 од 16.11.2018 година.

### Член 2

Во членот 17 кај работното место со реден број 40. шифра КУЛ 03 04 Г02 001, стручен соработник за сценско музичка дејност, во вид на образование зборот гимназиско, се заменува со зборовите „средно образование".

### Член 3

Во членот 17 кај работното место со реден број 41. шифра КУЛ 03 04 Г03 001, соработник за сценско музичка дејност, во вид на образование зборот гимназиско, се заменува со зборовите „средно образование".

### Член 4

Во членот 17 кај работното место со реден број 105-б. шифра КУЛ 03 04 Г03 013, друг соработник во културата – самостоен референт во сценска техника, во вид на образование зборовите „средно стручно образование - економско-правна и трговска струка, гимназиско", се заменуваат со зборовите „средно образование".

### Член 5

Во членот 17 кај работното место со реден број 110. шифра КУЛ 03 04 Г01 003, друг раководител - организатор во сценска техника, во вид на образование зборовите „средно стручно образование – машинска, електротехничка, градежно-геодетска струка", се заменуваат со зборовите „средно образование".

### Член 6

Во членот 17 кај работното место со реден број 141. шифра КУЛ 04 05 Б01 003, шивач, во вид на образование зборовите „средно стручно образование текстилно-кожарска струка, гимназиско, уметничко образование", се заменуваат со зборовите „средно образование".

### Член 7

Во членот 17 кај работното место со реден број 161. шифра КУЛ 04 02 А01 001, работник за обезбедување (пожарникар обезбедувач), во вид на образование зборовите „средно стручно - градежно-геодетска, машинска, електротехничка струка или гимназиско образование", се заменуваат со зборовите „средно образование".

**Член 8**

Во членот 17 кај работното место со реден број 161-а. шифра КУЛ 04 02 А01 002, командир на единица за противпожарна заштита, во вид на образование зборовите „средно стручно - градежно-геодетска, машинска, електротехничка струка или гимназиско образование", се заменуваат со зборовите „средно образование".

**Член 9**

Во членот 17 кај работното место со реден број 163. шифра КУЛ 04 01 Б01 004, друг работник за прием на посетители (рецепционер), во вид на образование зборовите „средно стручно образование - економско-правна и трговска струка или гимназиско образование", се заменуваат со зборовите „средно образование".

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Директор
м-р Васо Ристов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ
СКОПЈЕ